РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3374/4
22.09.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 31. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 15.9.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Гордана Мајнова и Петар Џуровски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Ивона Муфишева, Емилија Петреска-Камењарова, Јетон Исмаили, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 31. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 30. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.9.2026 година.

2. Предлог-одлука за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на ЈРП Македонска радио-телевизија Скопје - прв програмски сервис (МРТ1), за прекршување на членот 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица

4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 30. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.9.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на барање на Советот на Агенцијата, предлага да се донесе Одлука за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата, имајќи предвид дека по јавниот конкурс објавен во мај 2026 година не е извршен избор на заменик на директорот. Воедно, директорот го образложи и Предлог-решението за формирање комисија за евалуација на доставените пријави по јавниот конкурс. Тој појасни дека условите утврдени во Предлог-одлуката за објавување на јавниот конкурс се во согласност со условите пропишани со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Директорот информираше дека кандидатите ќе имаат можност да ги доставаат потребните документи до Агенцијата во рок од седум работни дена од денот на објавувањето на јавниот конкурс во два дневни весници.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со мандат од 5 (пет) години.

Јавниот конкурс ќе трае 7 (седум) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето во дневните весници.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за формирање Комисија за евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во следниот состав:

- м-р Зирјета Јајага, заменик на претседателот на Советот на Агенцијата - претседател на Комисијата, со заменик – Петар Ѓуровски, член на Советот на Агенцијата;

- Виктор Павловски, член на Советот на Агенцијата - член на Комисијата, со заменик – м-р Гордана Мајнова, член на Советот на Агенцијата, и

- Афрона Врзиволи, член на Советот на Агенцијата - член на Комисијата, со заменик – Цветанка Миновска, член на Советот на Агенцијата.

Горенаведената Комисија да изврши евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата во рок од 10 (десет) работни дена по истекот на рокот за пријавување, и до Советот на Агенцијата да достави Извештај со предлог за избор на заменик на директорот на Агенцијата.

Јавниот конкурс да се објави во 2 (два) дневни весника, и тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата како работодавач.

**Точка 3**

Помошник-раководителката на Секторот за програмски работи Емилија Петреска-Камењарова го образложи Извештајот од вонредниот надзор извршен врз програмскиот сервис МРТ1, по претставка поднесена до Агенцијата од физичко лице, во врска со емитувањето на филмот „Разузданиот дедо“. Таа информираше дека со надзорот е констатирано емитување на филмот во несоодветен термин и со несоодветна категорија на класификација. Имено, филмот бил означен со категорија „12+“ и емитуван околу 20:00 часот, иако, согласно утврдените карактеристики на содржината, требало да биде означен со категорија „16+“ и да се емитува по 22:00 часот, со обврска неговото емитување да заврши најдоцна до 05:00 часот. Петреска-Камењарова појасни дека станува збор за филм жанровски определен како еротска комедија за возрасни, во кој се присутни содржини и изрази со несоодветен, вклучително и навредлив карактер, поради што е утврдена потреба од соодветно означување и временско позиционирање на програмската содржина. Имајќи ги предвид констатираните неправилности, се предлага да биде изречена мерка јавна опомена, а по истекот на рокот определен за усогласување со законските обврски да се изврши контролен надзор. Воедно, информираше дека подносителот на претставката е известен во законскиот рок за наодите од извршениот надзор, а за констатираните неправилности е известена и МРТ. Извештајот, односно информацијата за преземените мерки е објавена и на веб-страницата на Агенцијата. По доставеното известување, МРТ се произнела дека ќе го усогласи своето работење со законските обврски.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор, бр.10-3152/1 од 19.8.2026 година и едногласно заклучи на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, бидејќи на 14 август 2026 година емитувала игран филм „Разузданиот дедо (Dirty grandpa)“, означен како програма од трета категорија (12+), и емитуван во несоодветен временски период од денонокието.

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија Скопје – Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), во рок од 20 дена од денот на приемот на

Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**